Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

- Сектор за нормативно-правни, управни работи и здравствено осигурување -

8 октомври 2020 година

бр. 11-6735/2

15.10.2020 година

до

ХЕРА - АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА И ИСТРАЖУВАЊЕ

ул. Франклин Рузвелт бр. 51а/26

Скопје

ПРЕДМЕТ:

ОДГОВОР НА ПРЕДЛОГ-ИНИЦИЈАТИВА, ДОСТАВЕНА ПО ПОВОД ПОВИКОТ ДО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ЗА ПРИДОНЕС ВО ПОДГОТВУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА ЗА 2021 ГОДИНА

По повод предлог-иницијативата на ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, во име на Платформата за одржливост на сервисите за превенција на ХИВ, Скопје, доставена по повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2021 година, информираме дека Министерството за здравство ја прифаќа доставената иницијатива како добра основа за анализа на конкретни нормативни решенија на предложената тема.

Предлогот, образложен во насока на тоа „Законот за здравствената заштита да ги препознае граѓанските организации како даватели на услуги од здравствена заштита од посебно значење за јавното здравје и овозможи младите на возраст од 16-18 години да имаат пристап до превентивни услуги за ХИВ и сексуално репродуктивно здравје", се заснова на прописи и аргументација што е релевантна во оценката на предлогот.

Овој предлог не е нов во нормативните активности на Министерството за здравство, напротив, базична поставеност на овој предлог е веќе опфатена во работна верзија на Законот за здравствената заштита од април 2019 година, што произлезе како резултат на работата на работна група формирана во Министерството за здравство, во која членуваа и претставници на граѓанскиот сектор и здруженијата на пациенти, вклучително и од ХЕРА, која беше доставена во сите членови на работната група.

Сепак, од аспект на поставеноста на системот на здравствена заштита, а особено во поглед на организацијата на вршењето на здравствена дејност како дејност од јавен интерес, предлогот треба и може дополнително да се анализира од аспект на поставеноста, видот и обемот на услугите, условите под код кои тие можат да се укажуваат, начинот на нивно укажување, видот и начинот на финансирање, правните последици од неправилно или погрешно спроведување на услуги, односно, целиот систем на ваквата поставеност.

Во наредните активности на нормативен план, во Министерството за здравство ќе се има предвид и оваа предлог-иницијатива, доставена по повод повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2021 година.

МИНИСТЕР

доц. д-р Венко Филипче

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО - MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

Дејан Д. Николовски, дипл. правник

*раководител на сектор*

Анка Георгиевска, дипл. правник